ДОБРИ ВЕСТИ ОД

ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ 10

ПОЧНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КАМПАЊА „1 ОД 5 – СТОП НА СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦАТА“

ПРЕМИН ОД ПРИНЦИПИ КОН ПРАКСА – ОБЛИКУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ И МЕРКИТЕ ПРЕКУ ПРИСТАПОТ ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (HRBA)

КОНФЕРЕНЦИЈА СО ВИСОКИ ПРЕТСТАВНИЦИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И НЕЗАВИСНОСТА НА СУДСТВОТО

НАСОКИ ЗА ЕФИКАСНИ ИСТРАГИ ЗА ОНЛАЈН ИЗМАМИ



EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

ФЕВРУАРИ 2025

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ПРЕДГОВОР



Дитер ШИНДЛАУЕР

Тим лидер, „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

„Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести“.

Драги читатели,

Нашиот десетти квартален извештај е особено значаен. Ова издание е исполнето со настани кои се проактивни и се однесуваат на **многу сериозни прашања.** Една многу сериозна статистичка бројка е дека низ цела Европа, едно од пет **деца** доживува форма на **сексуално насилство.** Ова е, секако, алармантна бројка, а бидејќи се однесува на многу непријатни и често премолчени прашања, потребна е јавна дебата и подигање на свеста. Затоа, нашиот проект го искористи поводот на Светскиот ден за спречување на сексуална експлоатација, злоупотреба и насилство врз децата за да ја започне националната кампања „1 од 5 - стоп на сексуалното насилство врз децата“ во ноември 2025 година. **Сексуалното насилство** беше и тема на работилница за зајакнување на капацитетите на триесет јавни обвинители и судии во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, кои дискутираа за практични пристапи и решенија за подобрување на заштитата на жртвите. Беше спроведена тридневна обука на обучувачи за професионалци од Центрите за социјална работа за заштита на жртвите на родово базирано насилство, со фокус на реалните потреби на жртвите на родово базирано насилство. Учесниците особено ја истакнаа ефикасноста на интерактивните вежби и добрата атмосфера како основа за работа со тешки прашања, како што е родово базираното насилство.

ПРЕДГОВОР

Понатаму, имаше и други активности кои опфатија и обуки против **нелегална трговија со дрога и онлајн измами,** директно подобрувајќи ги капацитетите на институциите што се занимаваат со овие прашања. Практичната обука за анализа на податоци и обработка на податоци за Државната комисија за спречување корупцијата ја зајакна способноста на Комисијата да обработува голем обем на податоци, поддржувајќи ја проактивната и технолошки поддржана работа против корупцијата.

Препорачувам да го прочитате **интервјуто со Адем Цуцул**, новоназначениот претседател на Државната комисија за спречување на корупција. Тој ги објаснува стратешките приоритети и предизвиците што ја очекуваат оваа институција, додека вредно гради доверба, интегритет и зголемување на капацитетите. Неговите оптимистички и охрабрувачки зборови се вистински **поттик за надеж.**

На **постратешко ниво,** ова издание содржи краток извештај за неодамнешната конференција на високо ниво за зајакнување на **ефикасноста и независноста на судството,** која предизвика голем интерес и многу искрена проценка на моменталните недостатоци, низа објаснувања за основните причини и пат кон подобрување. Исто така, одржавме многу успешен Форум на импулси за **практичната имплементација на пристапот базиран на човекови права,** каде што беше презентиран практичниот прирачник напишан од нашите експерти (може да се преземе од нашата веб-страница). Овој настан ја обликуваше многу комплицираната алатка во практична, совршено одржлива алатка што помага во обликувањето на мислења, стратегии, политики и закони. **Отворените денови** во судовите и јавното обвинителство и новите идеи за користење на социјалните медиуми од страна на јавните обвинители ја зголемија **транспарентноста на судството и јавното обвинителство.**

Се надевам дека и вие го споделувате впечатокот за напредок, активни напори за подобрување и искрено справување со предизвиците што произлегуваат од овој извештај.

Уживајте во добрите вести!

Дитер Шиндлауер
Тим лидер



ВИ ПРЕТСТАВУВАМЕ:

1 ОД 5 – СТОП НА СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦАТА

По повод Светскиот ден за спречување на сексуална експлоатација, злоупотреба и насилство врз децата, националната кампања „1 од 5 – Стоп на сексуалното насилство врз децата“ официјално беше започната на 18 ноември 2025 година.

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА И НЕЗАВИСНОСТА НА СУДСТВОТО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Конференцијата послужи како стратешки форум за судските лидери, дипломатскиот кор и националните и меѓународните експерти за да разговараат за конкретните чекори потребни за усогласување на националниот правосуден систем со европските стандарди.

ФОРУМ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА - ФОРУМ НА ИМПУЛСИ

Премин од принципи кон пракса – Обликување закони и мерки преку пристапот базиран на човекови права (ПЗЧП). Учесниците беа меѓу првите што го разгледаа новообјавениот Прирачник за примена на ПЗЧП, достапен на македонски и англиски јазик.

Да разговараме за...

- Почнување на националната кампања „1 од 5 – Стоп на сексуалното насилство врз децата“
- Изработени се упатства за ефикасни истраги за онлајн измами за поддршка на полициските истражители
- Конференција со високи претставници за зајакнување на ефикасноста и независноста на судството
- Отворање на судовите за следната генерација правни професионалци
- Податоците како алатка за градење капацитети за борба против корупцијата во Државната комисија за спречување на корупцијата
- Премин од принципи кон пракса – Обликување на закони и мерки преку пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП)
- Зголемување на транспарентноста преку одговорно користење на социјалните медиуми од страна на јавните обвинители
- Борба против нелегална трговија со дрога – II сесија
- Интервју: Адем Цуцул: Борба против корупцијата преку интегритет, независност и градење капацитети
- Зајакнати капацитети за подобра заштита од сексуално насилство
- Поврзување на идните обвинители со практиката: Отворен ден во Јавното обвинителство
- Зајакнување на нашите системи за поддршка за задоволување на реалните потреби на жртвите на РБН

Започна националната кампања „1 од 5 – Стоп за сексуалното насилство врз деца“

Едно од пет деца во Европа е жртва на некаков облик на сексуално насилство – од сексуална злоупотреба и експлоатација, детска порнографија, до онлајн злоупотреба и вознемирување од врсници. Во Република Северна Македонија ситуацијата е исто така сериозна и загрижувачка: во периодот од 2020 до 2024 година биле пријавени 508 случаи на сексуално насилство и вознемирување врз деца, според податоците на Министерството за внатрешни работи (МВР). Овие податоци јасно укажуваат дека сексуалното насилство врз деца е реалност што бара навремена реакција, јасни механизми за заштита и заедничка одговорност.

По повод Светскиот ден за превенција од сексуална експлоатација, злоупотреба и насилство врз деца,националната кампања „1 од 5 – Стоп за сексуалното насилство врз деца“, официјално започна на 18 ноември 2025г.чиј почеток беше одбележан со промотивен настан во „Europe House“ - Скопје.

> „Статистиката е болна и тешка, но не смее да остане само бројка. Зад секое дете стои име, семејство и доверба во возрасните. Нашата должност е да направиме сè таа доверба никогаш да не биде повредена“, изјави Душан Томшиќ, претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.



Кампањата опфаќа едукативни видеа, печатени материјали и постери, адаптирани на локалниот контекст и наменети за деца, родители, старатели, наставници и професионалци кои работат со деца. Материјалите ќе се дистрибуираат во училиштата, градинките и јавните институции низ целата држава, а се достапни и во дигитална форма.

Активностите се реализираат во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“во партнерство со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител, со поддршка од Бирото за развој на образованието.

Кампањата, спроведена со дозвола од Советот на Европа,има за цел да ја подигне јавната свест, да ги охрабри децата да проговорат и да им обезбеди на возрасните знаења и алатки за препознавање, превенција и ефикасна заштита од сексуално насилство врз деца.



Материјали од кампањата: „1 од 5 – Стоп за сексуалното насилство врз децата“

Книги:

- Кико и раката: MK / ALB
- Кико и многујас: MK / ALB

• Прирачници:

- Кико и раката: MK / ALB
- Кико и многујас: MK / ALB

Постери:

- Кико и раката_книга: MK / ALB
- Допир: MK / ALB
- Тајна: MK / ALB
- Разговор: MK / ALB
- Фотографирање: MK / ALB
- Дигитална присутност: MK / ALB

Леток:

- Значи тоа е сексуална злоупотреба: MK / ALB

Двостраничен документ: Статистика од Северна Македонија

- 1 од 5 - Детството не треба да боли. Слушај, поверувај, заштити: MK / ALB

Видеа:

- Кико и раката (3+): MK / ALB
- Кико и многујас (+4): MK / ALB
- Кажи му на некој кому му веруваш (9+): MK / ALB
- Значи тоа е сексуална злоупотреба (12+): MK / ALB
- Езерото (14+): MK / ALB



Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Изготвување насоки за ефикасни истраги за онлајн измами за поддршка на полициските истражители

Како дел од тековните напори за зајакнување на капацитетите на институциите за спроведување на законот во Северна Македонија за истражување на онлајн измами, проектот го поддржа развојот на насоки за ефикасни истраги за онлајн измами. Наоските беа подготвени од експерти на проектот во тесна соработка со Секторот за компјутерски криминал при Министерството за внатрешни работи и беа финализирани на македонски и англиски јазик во декември 2025 година.

Пред изготвување на насоките, истражителите - особено полициските службеници во локалните полициски оддели - се соочија со значителни предизвици во реагирањето на случаи на онлајн измами. Овие истраги честопати бараат сложена комбинација од компјутерско, финансиско и општо познавање на кривичните истраги, додека на службениците кои даваат прв одговор честопати им недостасуваа практични упатства за рано идентификување на шеми за онлајн измами и непосредни истражни мерки што мора да се преземат. Ова честопати ја ограничуваше можноста за собирање доволно дигитални докази, поврзување на поврзани случаи и спречување на повторување на слични шеми за измами.

Насоките беа изготвени како практична алатка за инспекторите, поддржувајќи го раното препознавање на различни форми на онлајн измами и навременото спроведување на клучните истражни дејствија. Тие се осврнуваат на специфичните предизвици што ги поставуваат онлајн измамите, вклучувајќи ја нивната транснационална природа, вклученоста на организирани криминални групи, употребата на напредни технологии и алатки за анонимност, како и фактот дека доказите првенствено се наоѓаат во киберпросторот. Иако документот не ја заменува проценката од случај до случај, тој обезбедува структурирана рамка за поддршка на поефикасни и координирани истраги.

Финализираните насоки се официјално доставени до Секторот за компјутерски криминал, кој ќе ги дистрибуира до полициските станици низ целата земја. Се очекува нивната употреба да придонесе за поефикасни истраги, подобрена меѓусебна поврзаност на случаите и зајакнати институционални одговори на онлајн измамите

Конференција на високо ниво за зајакнување на ефикасноста и независноста на судството

На 3 февруари 2026 година, проектот беше домаќин на конференција со високи претставници на тема „Зајакнување на ефикасноста и независноста на судството во Северна Македонија“. Настанот послужи како стратешки форум за лидерите во судството, дипломатскиот кор и националните и меѓународните експерти, за да разговараат за конкретните чекори потребни за усогласување на националниот правосуден систем со европските стандарди.

Конференцијата се фокусираше на презентацијата на Извештајот за спроведување на Стратегијата за човечки ресурси во судството и Патоказот за подобрено функционирање на судството, кои беа подготвени од проектот. Со презентирање на овие наоди, обезбедивме анализа и рамка за справување со системските структурни предизвици, вклучително и критичниот недостиг на финансиски и човечки ресурси во судовите. Оваа иницијатива ги истакнува конкретните активности потребни за изградба на потранспарентен, ефикасен и независен судски систем.

За време на настанот, Михалис Рокас, амбасадор на ЕУ, нагласи дека независноста и ефикасноста одат рака под рака, истакнувајќи дека без соодветни и предвидливи ресурси, не може да се обезбеди квалитетна правда. Игор Филков, министерот за правда, ја нагласи посветеноста на Министерството за изготвување висококвалитетни, применливи закони кои служат како инструменти на правдата. Тој истакна дека судските реформи се тековен процес, со приближно 30 закони подготвени за иницирање на системски промени.



Александар Камбовски, претседател на Судскиот совет, се осврна на сериозниот недостиг на кадар и недостатоците во финансирањето, нагласувајќи дека моменталната распределба од 0,29% од БДП е далеку под законскиот услов од 0,8% и недоволна за да се обезбеди целосно функционално судство. Африм Фидани, претседател на Врховниот суд, истакна дека успехот на овие структурни реформи зависи од цврстата етика и професионалниот интегритет на судството, кои се основните столбови за враќање на јавната доверба.





Ефективната и независна правда не е само основна вредност на ЕУ, туку и неопходност за граѓаните на Северна Македонија. Преку проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“, ние продолжуваме да ги унапредуваме овие суштински реформи преку континуиран дијалог, експертски совети и промоција на европските стандарди, помагајќи да се поттикне јавната доверба потребна за професионална и силна правна заедница.





Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Судовите ги отвораат вратите за идните генерации правници

Кон крајот на 2025 година и почетокот на 2026 година, нашиот проект ја продолжи својата мисија да го претстави судството на следната генерација правни кадри. Во соработка со Основниот кривичен суд, Основниот граѓански суд, Апелациониот суд и Врховниот суд во Скопје, организиравме серија Отворени денови со цел да се промовира транспарентност и да се изгради јавна доверба во правосудниот систем. Овие иницијативи собраа 25 средношколци и студенти, вклучувајќи идни правници од Правниот факултет „Јустинијан Први“ и студенти од правните оддели на средните училишта „Васил Антевски Дрен“ и „Арсени Јовков“.



Програмата Отворен ден им овозможи на учесниците редок, задкулисен поглед на внатрешното работење на судството. За време на овие посети, студентите ги обиколија судските објекти и стекнаа практичен увид во секојдневното работење на различни судски оддели. Тие имаа можност да набљудуваат постапки во живо преку присуство на судски рочишта и Општа седница на Врховниот суд и на тој начин беа дел од судскиот процес во реално време. Студентите, исто така имаа отворени дискусии со судиите во врска со предизвиците со кои се соочува судството и основните вештини потребни за успешна правна кариера.

Овие настани не се изолирани активности, туку директен резултат на Комуникациската стратегија на Судскиот совет и судовите (2024–2028), која беше изготвена и усвоена со стратешка поддршка на нашиот проект. Со отворањето на своите врати за младите, судовите активно имплементираат нови стандарди на отвореност наменети за зајакнување на судската независност и премостување на јазот помеѓу правните институции и граѓаните на кои им служат.


Ентузијазмот што го покажуваат студентите и отвореноста на судовите ја истакнуваат вредноста на емпириското учење во правната област. Со тоа што им овозможуваме на студентите директен пристап до највисоките судски органи, ние помагаме во промовирањето на информирана, ангажирана и професионална правна заедница за иднината на Северна Македонија.



Податоците како алатка за градење капацитети за борба против корупцијата во Државната комисија за спречување на корупцијата

Во декември 2025 година и во јануари 2026 година, Компонента 3 на проектот реализираше четиридневна практична обука за Анализа и обработка на податоци. Обуката ги собра на едно место 13 вработени од Секретаријатот на ДКСК, со цел да ги зајакне нивните капацитети за прибирање, обработка и анализа на податоци, како поддршка на процесите за откривање и спречување корупција, и административни истраги.

Со оглед на тоа што работата на спречување корупција сè повеќе се потпира на управување и толкување на голем обем на структурирани и неструктурирани податоци – од финансиски досиеја и изјави за имотна состојба, па сè до податоци за јавни набавки и збирки на податоци од отворени извори – обуката направи комбинација од теорија и практични вежби. Учесниците учеа за методи на прибирање податоци, напредни Excel техники, моделирање на податоци и Power BI за поврзување на збирки на податоци, модели на градење и креирање интерактивни контролни табли. Тие, исто така вежбаа прочистување, спојување и преформатирање на збирки на податоци со помош на Power Query, применувајќи филтрирање, условно форматирање и пивот табели за откривање трендови и потенцијални црвени знаменца (аларми).



Најважната вежба вклучуваше анализирање на примерок на збир на податоци за транспарентност на јавните расходи, овозможувајќи им на учесниците да применуваат вештини за структурирање, верификација и анализа на финансиски податоци како поддршка на проверките за интегритет и откривање нерегуларности.

Учесниците изразија големо задоволство, истакнувајќи дека користењето и на готови примери на податоци и на нивни сопствени податоци им помогна да ги преведат апстрактните алатки во практични апликации во секојдневното работење.

Наташа Стоилковска, Советник за статистика и аналитика изјави:

> „Обуката помина многу добро. Напредокот го почувствуваа сите учесници. Користењето на наши сопствени податоци, покрај готовите вежби, беше многу важно затоа што ни покажа како да ги примениме методите во нашата секојдневна работа“.

Борче Стојановски, Советник во Одделението за следење на имотната состојба додаде:

> „Оваа обука е исклучително важна за нашето одделение. Секојдневните активности во одделението се поврзани со евидентирање и следење на имотната состојба, а ние добиваме огромен обем на податоци за имотна состојба на избрани и именувани лица. Обуката ни помогна подобро да се запознаеме со Excel и Power BI, коишто поддржуваат и статистичка анализа и визуелизација на извештаи за ДКСК“.

Во целина, обуката им помогна на вработените во ДКСК да стекнат практични вештини засновани на реални податоци кои ја зајакнуваат нивната проактивна работа на спречување на корупцијата заснована на докази и поддржана од технологија. Активното учество и одличните резултати од евалуацијата на обуката покажуваат дека оваа иницијатива постави солидни темели за долгорочно зајакнување на институцијата во околина којашто станува сè посложена и налага работа со голем обем на податоци.





Премин од принципи кон пракса – Обликување закони и мерки преку пристапот заснован на човекови права (ПЗЧП)

Вториот Форум на импулси ги обедини на едно место клучните чинители за човекови права од министерствата, државните институции и граѓанскотото општество на настан со голема посетеност. Учесниците беа меѓу првите што имаа можност да го разгледаат новообјавениот Прирачник за примена на ПЗЧП, достапен на македонски и англиски јазик.

Преку низа практични сесии, учесниците дискутираа како обврските кои произлегуваат од човекови права можат да видат водилка на целокупниот циклус на донесување политики - од проценка на потребите и јазовите, до осмислување на мерки што ги штитат правата на секој поединец. Пристапот базиран на човекови права беше оценет како „исклучително важен во проценката на потребите и недостатоците во фазата пред да се изготвуваат предлог-законите“.

Учесниците размислуваа за примената на петте принципи што го водат ПЗЧП:

- сите човекови права за сите,
- значајно и инклузивно учество,
- недискриминација и еднаквост,
- отчетност и владеење на правото,
- транспарентност и пристап до информации.

Според учесниците, примената на начелата „транспарентност и инклузивност“ „води кон подобри решенија и подобрена добросостојба за сите“.

Клучен заклучок на Форумот беше заедничката потврда дека обезбедувањето значајно и инклузивно учество останува како предизвик и задача која треба да се спроведе најитно. На институциите честопати им недостасуваат јасни механизми, доволно ресурси и време за консултации со сите засегнати групи - особено со оние групи кои се помалку видливи или недоволно застапени.

Самиот Форум ја демонстрираше вредноста на партиципативните процеси преку интерактивни работилници, заеднички дијалог и учење од колегите од различните сектори. Учесниците изразија посебна благодарност поради можноста да учествуваат на овој „добро организиран настан со можност за размена на искуства со луѓе од различни институции “, како и поради одличната „модерација и можност за интеракција во групите“.

Вториот Форум на импулси покажа дека партиципативното и транспарентно креирање политиките кое се заснова на правата е возможно и високо ценето од институциите и граѓанското општество. Овој настан означува важен исчекор кон претворање на начелата на човековите права во пракса - зајакнување на соработката, градење капацитети и промовирање на заеднички заложби за обезбедување човекови права за сите.







Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Зголемување на транспарентноста преку одговорно користење на социјалните медиуми од страна на јавните обвинители

Како дел од заедничките активности за подобрување на комуникацијата и транспарентноста на Јавното обвинителство, Проектот, во соработка со Здружението на јавни обвинители, подготви и презентираше препораки за користење на социјалните медиуми од страна на јавните обвинители. Овие препораки имаат за цел да обезбедат јасни насоки за да помогнат во рамнотежата помеѓу слободата на изразување и одговорноста на јавнообвинителската функција во денешната дигитална средина.

Иако овој документ е првенствено подготвен за јавни обвинители, препораките се внимателно дизајнирани така што можат да ги применуваат и користат и членовите на Советот, како и сите вработени во јавното обвинителство.





Добро познат факт е дека јавните обвинители се предмет на построги ограничувања на нивното професионално и приватно однесување во споредба со другите професии. Ова се рефлектира и во нивните онлајн активности и изјави, бидејќи содржината што може да биде соодветна за членовите на поширокаата јавност може да се смета за несоодветна за јавен обвинител, како во работното време, така и надвор од него. Поради овие причини, препораките не треба да се сфаќаат како ограничување, туку како практична алатка наменета да им помогне на јавните обвинители во зачувувањето на нивниот личен и професионален интегритет при користење на социјалните медиуми. Во овој контекст, препораките треба да придонесат и за јасна разлика помеѓу личните ставови што јавните обвинители можат да ги изразат во својство на приватно лице и официјалните информации и ставови што ги соопштува институцијата.

Борба против нелегална трговија со дрога – II сесија

Во согласност со напорите на Компонента 2 за поддршка на воспоставувањето на специјализирана подединица за борба против нелегални дроги и прекурзори, во Скопје беше организирана еднодневна работилница „Борба против нелегална трговија со дрога – II сесија“. На работилницата присуствуваа 30 истражители на Министерството за внатрешни работи од централно и регионално ниво (СВР).

Сесијата се фокусираше на структурата и начинот на работа на кривичните истраги поврзани со нелегална трговија со дрога, комбинирајќи го традиционалното собирање разузнавачки информации со употребата на Посебни истражни мерки (ПИМ). Акцентот беше ставен на координацијата и соработката помеѓу националните, регионалните и локалните единици, како и на меѓународната полициска соработка.

Преку практични дискусии на случаи, учесниците разменија искуства, идентификуваа заеднички предизвици и истражуваа решенија засновани на реални истраги. Истражителите го зајакнаа своето разбирање за тоа кога и како да ги применат ПИМ, ја подобрија својата способност да одговорат на новите трендови, како што се новите видови дроги на пазарот, и ги зајакнаа своите капацитети за примена на стекнатото знаење во слични идни случаи.



ЧУЧУЉ Адем

ИНТЕРВЈУ

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА (ДКСК)

Борба против корупцијата преку интегритет, независност и градење капацитети

1. **Вие сте дел од Антикорупциската комисија речиси две децении. Од таа перспектива, како се променија предизвиците во борбата против корупцијата и што денес сметате дека е најкритично за зајакнување на владеењето на правото?**

Точно е дека сум дел од Комисијата цел две децении и имав можност да работам со сите состави на Државната комисија за спречување на корупцијата. Сведок бев на сите падови и подеми на Комисијата како и на развојот и унапредување на институционалните капацитети на ДКСК како и на тешкотиите во спроведување на законските надлежности имајќи ги во предвид ограничиените финансиски и кадровски капацитети.

Сметам дека со донесувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во 2019 година се направи драстична промена на статусот и надлежностите на ДКСК. Се смени начинот на избор на претседателот и членовите на ДКСК со што се зајакна транспарентноста при изборот а истовремено се отвори можноста за поголема професионализација, зајакнување на интегритетот и намалување на политичкото влијание.

Од друга страна зајакнување на статусот и надлежностите не се содветно поткрепени со потребно зајакнување на финансиските и кадровските капацитети на Комисијата. Неопходно е одобрување на потребна функционална анализа и систематизација на работните места и поголема финансиска независност со цел ефикасно спроведување на сите утврдени надлежности.

Во изминатите години многу е направено во делот на изградба на правна инфаструктура за превенција и борбата против корупцијата во Република Северна Македонија. Донесени се голем број на законски решенија и прилагодувања на истите со Европската регулатива и е воспоставена институционална структура.

Клучен предизвик за ефикасна превенција и борба со корупцијата останува зајакнување на капацитетите на надлежните институциии за превенција и репресија на корупцијата, зајакнување на личниот и институционалниот интегритет во јавниот сектор, доследна примена на релевантната легислатива, спроведување на антикорупциските мерки и активности пред се оние утврдени во националните документи како што е Националната стратегија за превенција и борба со корупцијата и судирот на интереси и на крај ефикасно санкционирање на корупцијата.

2. **Нашата соработка започна на почетокот на проектот. Кои форми на поддршка и експертиза се покажаа како најкорисни за институцијата во изминатиот период и зошто?**

Исклучително ја цениме и ни е важна поддршката што ја добиваме во рамките на ЕУ Проектот за владеење на правото. Сите досега спроведени активности и форми на поддршка ни беа значајни и придонесоа за зајакнување на нашите капацитети.

Како особено значајна ќе ја споменам експертската поддршка поврзана со анализа на слабостите и потребите за унапредување на софтверското решение за пријавување и следење на имотната состојба и интересите. Во таа насока особено важна е работата за воспоставување на методлогија за детектирање на лицата чии изјави за имотна состојба и интереси ќе бидат предмет на проверка согласно со Годишниот план а преку анализа на податоците од изјавите поднесени преку софтверот.

Втора значајна активност која би ја напоменал е експертската поддршка за изготвување на Комуникациската стратегија на ДКСК преку анализа на детектираните слабости и утврдување мерки и активности за зголемување на видливоста на работата на ДКСК и промовирање на нејзините активности и антикорупциските мерки.



Исто така, од исклучитлно значење за надградба на капацитетите на нашите вработени се обуките кои се реализираат со поддршка на Проектот за напредна анализа и обработка на податоци преку која ќе се зајакнат вештините и знаењата на вашите вработени што ни е особено важно особено во делот на следењето на имотната состојба на функционерите.

3. **Сега, од позиција на претседател, што е клучно за Антикорупциската комисија да може да делува независно, доследно и со конкретни резултати?**

Кога зборуваме за независна ДКСК клучна е нејзината финансиска независност пред се преку алоцирање на потребните буџетски средства за целосно исполнување на законските надлежности. Дополнително неопходна е кадровска екипираност со стручен кадар особено во областите каде што се детектирани слабости, пред се тука мислам на следењето на имотната состојба и следењето на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи. Паралено со тоа непоходна е дигитализацијата преку целосно поврзување со базите на пшодатоци на институциите од кои прибавуваме податоци со цел истите да ги добиваме софтверски во електронска форма со што значително ќе се забрза прибирање на потребните податоци и ќе се зголеми обемот на проверки.

Во меѓувреме, за да бидеме поефикасни со моменталните капацитети, неопходна е приоретизација на активностите согласно со расположливите финансиски технички и кадровски капацитети.

4. **Борбата против корупцијата е нераскинливо поврзана со владеењето на правото. Како практично се одразува оваа врска во секојдневната работа на Комисијата и во довербата на граѓаните?**



Корупцијата и владеењето на правото се антиподи. Колку повеќе имаме владдење на правото во едно општество толку е помала корупцијата и обратно. Со цел воспоставување на општество во кое ќе владее правото неопходно е да го зајакнеме личниот и институционалниот интегитет во институциите од јавниот сектор. Доколку имаме институции со интегритет кои ги водат луѓе со интегритет ќе имаме и владеење на правото од причина што токму институците од јавниот сектор се тие кои се надлежни да го применуваат и да го следат примената на правото.

Улогата на ДКСК тука е двојна. Одедна страна да работи на подигање на свеста за јакнење на личниот и институционалниот интегритет, од друга страна да реагира во случаите кога ќе утврди случаи кога тој интегритет е нарушен преку иницирање на соодветни постапки.

Доколку таквата улога на ДКСК и нејзината работа на тоа поле ја препознаат граѓаните преку тоа ќе се зголеми довербата во нејзината работа

5. **Гледајќи напред, кои се клучните приоритети на Антикорупциската комисија во наредниот период и како меѓународната и проектна поддршка може да придонесе тие цели да се постигнат поодржливо и поефикасно?**

Како комисија имаме неколку приоритети во периодот кој претстои.

- Донесување и промоција на новата Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси;
- Промовирање на интегритетот во сите институции од јавниот сектор особено во правосудството;
- Подигање на јавната свест за лобирањето;
- Засилено следење на пријавувањето на имотната состојба и интереси и зголемен обем на проверки на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси за што од особена важност е унапредување и операционализација на постојното софтверско решение.

За поефикасна реализација на наведените и другите приоритети и програмски активности на ДКСК неопходна е соработката и поддршката од нашите меѓународни подржувачи и партнери. Во рамки на веќе воспоставена соработка и обезбедане поддршка предвидени се активности кои ќе бидат поддржани во наредниот период токму за реализација на горенавдените приороитети. Дел од тие активности се повеќегодишни и континуирани и од тие причини поддршката на меѓународните парнери е неопходна да продолжи и во наредниот период.

Зајакнати капацитети за подобра заштита од сексуално насилство

Преку внимателно осмислена и специјализирана програма, 30 јавни обвинители и судии имаа можност да ги продлабочат своите знаења и практични вештини за постапување во случаи на сексуално насилство. Обуката, реализирана во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, создаде простор за отворена дискусија и работа на реални судски предизвици со кои професионалците се соочуваат во својата секојдневна практика.

Обуката опфати интензивна работа на реални случаи, интерактивни групни вежби и дискусии фокусирани на:

- новите форми на сексуално насилство и нивната правна и судска обработка,
- елиминирање на стереотипите и пристрасностите во судското расудување,
- примената на пристап заснован на согласност и постапувањето со траума-информиран пристап,
- потребата од мултисекторско и координирано делување.

Особено силен впечаток остави динамичната работа во групи — учесниците активно идентификуваа индикатори за согласност/несогласност, анализираа пресуди од Европскиот суд за човекови права и дискутираа за ризикот од ескалација на сексуалното насилство кон фемицид. „Пристапот на обучувачите, бидејќи тие го задржаа интересот на учесниците и стимулираа размена на мислења“, беше особено ценет.



Професионалната размена и конструктивниот дијалог уште еднаш ја потврдија важноста на континуираното подобрување на институционалната реакција на сексуалното и родово-базираното насилство. Учесниците идентификуваа примери за тоа што ќе применат во пракса - како што се почитување на жртвата во секој чекор од постапката, должно внимание во кривичните постапки и избегнување на стереотипи за жртвата, што би можело да резултира со несоодветна одлука.

Заедно градиме систем кој штити, реагира и обезбедува правда.



Запознавање на идните обвинители со праксата: Отворен ден во Јавното обвинителство

Студентите од магистерската програма по кривично право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје присуствуваа на Ден на отворени врати организиран од проектот во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

За време на посетата, претставници на Јавното обвинителство, Советот на јавни обвинители и Академијата за судии и јавни обвинители разговараа со студентите за институционалната организација и надлежностите на Јавното обвинителство, улогата на Советот на јавни обвинители и придонесот на Академијата во професионалниот развој и можностите за кариера на јавните обвинители. Дискусиите ја опфатија и улогата на јавните обвинители во кривичните постапки и нивната практична работа во поединечни случаи.

Преку оваа директна форма на комуникација помеѓу студентите и претставниците на судските институции, учесниците имаа можност да разменат искуства и мислења за моменталната состојба на Јавното обвинителство и правосудството во целина.

Овој настан е дел од тековните активности наменети за зајакнување на транспарентноста на Јавното обвинителство во односите со јавноста.



Јакнење на нашиот систем за поддршка за да се одговори на вистинските потреби на жртвите на родово-базираното насилство

Во периодот од 2 до 4 декември 2025 год. во Велес успешно ја реализиравме тридневната основна Обука на обучувачи посветена на јакнење на капацитетите на вработените во Центрите за социјална работа за заштита на жртвите на родово-базираното насилство (РБН).

Во текот на три инспиративни денови, 22 професионалци од ЦСР како и три претставнички од Министерството за социјална политика, демографија и млади, работеа на јакнење на своите вештини под водство на експертите Љупка Трајановска, Санела Шкријељ, Карин Бишоф и Наташа Бошкова.
Преку интерактивен пристап, групни вежби, студии на случај како и преку практични симулации, учесниците работеа на теми како што се:

- **Примена на пристап заснован на човекови права и на потребите на жртвите на РБН**
- **Препознавање и давање поддршка на интерсекциската димензија на родово-базираното насилство**
- **Препознавање и спречување на секундарната виктимизација**
- **Подобрено управување со случаи, проценка на ризик и упатување на лицата кои се изложени на РБН**
- **Јакнење на мултисекторската соработка за да се постигне подобра институционална заштита**



Што ја направи обуката посебна?

Отворената атмосфера на доверба, во која учесниците активно споделуваа искуства од пракса, зборуваа за предизвиците, но даваа и примери за успешно решени случаи со многу емпатија, мотивираност и со искрена посветеност. На учесниците особено им се допаднаа „интерактивните вежби, кои овозможија визуелизација и подобро согледување на начинот на нивната работа“. Тие, исто така, го ценеа „новиот пристап во пренесувањето на знаење преку игриви вежби, интеракција и пред сè, позитивниот пристап на обучувачите. Цвеќето и колачињата придонесоа за порелаксирана атмосфера“. Оваа обука ја потврдува важноста на континуираната поддршка и професионалното надградување на вештините на професионалците кои се во првата линија на одговор во случаи на РБН.





Обуката претставува значаен чекор кон јакнење на системот за заштита на жртвите на родово-базирано насилство и градење поефикасен, посензитивен и покоординиран институционален одговор.

Со нетрпение ја очекуваме следната обука и можноста за интеракција помеѓу учесниците и експертите со цел уште повеќе да се продлабочат знаењата и да се зајакнат капацитетите при работата со луѓето кои имале искуство со родово-базирано насилство.

ФЕВРУАРИ - АПРИЛ 2026

КАЛЕНДАР ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ

АПР

Обуки за комуникација со Судскиот совет и Јавното обвинителство

Компонента 1

МАР

Презентација на Националната стратегија за организиран криминал

Компонента 2

АПР

Тркалезна маса за судска етика

Компонента 1

24 ФЕВ

Форум за човекови права бр. 3 – Мажите се активираат за родова еднаквост

Компонента 4

16 АПР

IACA Академски курс за корупција и измами во јавните набавки

Компонента 3

31 ФЕВ

Обука за инсрументот за следење на НАП за правата на децата

Компонента 4

Информации за изданието (импринт)

Издавач: Лудвиг Болцман Геселшафт - Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR), Виена, во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, Скопје
Уредник: Кристина Весиќ
Лектор: Ане Петрушевска
Преведувач: Ане Петрушевска
Период на известување: 8 ноември 2025 - 7 февруари 2026
Датум: 7 февруари 2026

Финансирано од Европска Унија